Синиша ДАСКАЛОВСКИ **УДК: 323.284**

# СОЗДАВАЊЕ НА НОВИ ВОЕНИ СИЛИ КАКО ОДГОВОР НА НОВИТЕ ЗАКАНИ

***Кратка содржина***

*Терористичкиот напад на Њујорк и Вашингтон на 11-ти септември 2001 година отвори мноштво на прашања од кои како мошне значајно особено од аспект на нашето истражување се оделува прашањето за промените во воената организација. Поконкретно, во овој труд направен е обид врз база на анализа на истражуваниот материјал да се евидентираат промените во воените сили на Алијансата како одговор на новите закани. При тоа се појде од состојбите во венатa организација на Алијансата во периодот од завршувањето на Студената војна па се до крајот на 20-ти век, а потоа и посебно од почетокот на Дваесетиот век па до денес.*

***Клучни зборови:*** *ТЕРОРИЗАМ, ВОЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА, ПРОМЕНИ, НОВИ ЗАКАНИ, НОВИ ВОЕНИ СИЛИ, НАТО.*

## 1. РЕФЛЕКСИИТЕ НА НОВИТЕ ЗАКАНИ ВРЗ НАТО ВОЕНИТЕ СИЛИ

Со крајот на студената војна се чини се елиминираше опасноста од избивање на таканаречената голема војна помеѓу најмоќните воено-политички блокови предводени од супер силите Советскиот Сојуз и САД. Всушност, станува збор за значајно намалување на можноста од избивање на меѓународен вооружен конфликт помеѓу големите сили и тоа како доминатна закана во матрицата на повеќето закани кои егзистираат паралелно со неа. Така на пример, паралелно со можноста од избивање на големата војна или во типологијата на вооружени конфликти уште и нарекувана како интернационален-меѓународен вооружен конфликт, егзистираат и внатрешните вооружени конфликти и тероризмот,[1] а во рамките на самата вој-

[1] Види пошироко: The 1999 Chart of Armed conflict, The Military Balance 1999-2000, London, 1999: The IISS.

на поред големата постојат и поделби на помали таканаречени регионални, локални па и и ограничени војни.[2] Но, ниту внатрешните вооружени конфликти ниту тероризмот не влијаат во толкава мера и обем како што тоа го прави војната врз воената организација на земјите членки на Северноатланската алијанса. Всушност, големата војна определувачки влијае кон воената организација, таа го детерминира и самиот модел. Оттука моделот на воената организација ќе се темели на војната како колективно насилство. При тоа воената организација на НАТО и Варшавскиот договор и посебно на нивните предводници Советскиот Сојуз и САД ќе достигне ниво кое далеку ќе ги надмине нивните одбранбено безбедносни потреби. Сознанието дека моделот на воената организација и на двете спротивставени страни е способен да нанесе ненадоместливи загуби на противниот ќе ги спречи спротиставените страни воено да се конфронтираат. Но тоа нема да ги спречи моделот поточно неговата ефикасност да ја тестираат на други противници и тоа во помалите-регионалните и локалните војни.

Таков случај ќе имаме од двете супер сили и тоа како во периодот на студената војна, така и после неа. Примерот со војната во Заливот 1990-1991 година е еклатантен пример на регионална војна во која се тестира моделот на воената организација кој базира на конвенционалната војна. НАТО моделот на воената организација се покажа како ефикасен во услови на конфронтација со регуларни сили-вооружените сили на противникот и очекуваната закана- војната како регуларна закана. Всушност, уште во времето на студената војна Северноатланската алијанса ќе се подготвува за водење на голема или светска војна. Според националната воена стратегија на САД вооружените сили на САД требало да бидат подготвени истовремено да водат едена голема-светска и една мала-регионална војна. Во текот на подготовките Западните сили и посебно оние на САД ќе достигнат ниво на развој кој во голема мера ќе ги надмине ефективите на другите армии и тоа особено изразена во однос на неблоковските армии. Ова пред се се должи на примената на науката, техниката и високите технологии во воената организација на западните сили што не е случај со вооружените сили на неблоковските земји.

Техничко-технолошката супремација ќе им овозможи на Западните сили да го совладаат противникот за пократко време и со минимални загуби. И не само тоа, војната во Заливот покажа дека

---

[2] Види пошироко во: Мирковиќ Т, Стратегије и ратне доктрине суперсила и блокова, ВИЗ Београд, 2003., стр 21-24.

воените операции можат да продуцираат со позитивни конотации и со маргинална улога на копнените сили, што заедно со минималните загуби и времетраењето преставува круна во војувањето. Со ова се чини дека Западните сили обликуваа модел на воената организација со оптимални можности за справување со класичните војни, пред се регионалните како најсериозна очекувана закана во постудениот период. Оттука ќе произлезе и подготовката и определбата на САД во содејство со регионалните сојузници, да победат во два скоро симултани регионални конфликти,[3] со што дефинитивно и е преземен приматот на големата војна, но не и приматот на самата војна,[4] како што се истакнува во Стратегијата за национална безбедност на САД од 1994 година. Се разбира дека соодветно на промената во влијанието на заканите ќе продуцира и промени во квантитатино-квалитативното стуктуирање на вооружените сили на Алијансата и посебно на САД. Така големите и гломазни сили континуирано и постепено ќе почнат да ги намалуваат своите димензии и поставуват лимити на офанзивните борбени средства и системи. Од аспект на квантитативните намалувања во периодот непосредно по завршувањето на Студената војна имаме состојба на активната вооружена сила која за најголем дел на земји членки на Алијансата изнесува 0,5 и 0,6 % зафаќање од популацијата,[5] а во однос на резервниот состав разликите помеѓу зафаќањата од населението се многу поголеми[6] и не можат да се формираат групи како во случајот со активната вооружена сила. Што се однесува до намалувањето на офанзивните борбени средства и системи, ЦФЕ (Conventional Forces in Europe)[7] договорот потпишан пред крајот на студената војна ќе продолжи и по нејзиното завршување. Во однос на квалитетот, професионализацијата се повеќе го зафаќа моделот на воената организација на земјите членки на НАТО, иако веќе имаме примери кај некои земји како на примерот со САД и Велика Британија на целосна професионализација. Исто така, квалитетот се зголемува и со се помасовната примена на информатичката технологија и новите софистицирани борбени средства и системи. Во рамките на видовите со најголемо влијание, место и улога се издвојува военото воздухопловство и воената морнарица а

---

[3] A NATIONAL SECURITY STRATEGY OF ENGAGEMENT AND ENLARGEMENT, WASHINGTON: THE WHITE HOUSE JULY 1994. P.5, 7.

[4] Ibidem, p. 21.

[5] Види: Табела 1.

[6] Види: Табела 2.

[7] За ЦФЕ договорот види повеќе во: Conventional Forces in Europe, The Military Balance 1992-1993, London 1992: The IISS, p.237-246.

потоа следат копнените сили. Евидентно е дека и понатаму моделот на воената организација базира на колективното насилство-војната, а приматот на големата го презема регионалната војна. Всушност, како значајни за меѓународната безбедност се повеќе се диференцираат војните како закана која доваѓа од распаднатите земји. Случајот со конфликтот во Босна и Херцеговина е еклатантен пример на таква закана. Се покажа дека Обединетите нации не можат да стават крај на непријателствата во Босанската војна. Со вклучувањето на НАТО во подршката и посебно откако го презема водството работите се придвижија во друга насока. Имено, после двонеделната воздушна кампања против боснаските Срби изнудена е Дејтонската спогодба, мировен договор, со што е ставен крај на војната во Босна 1995 година. И овој пат слично како и случајот со Заливската војна 1991 година до израз ќе дојде и умешно ќе биде искористена супремацијата на конвенционалните сили, за кои војната преставува пред се технолошки проблем. Во ист стил НАТО предводен од вооружените сили на САД продолжува се до крајот на 20-от век кога ќе подготви и изведе 79 дневна воздушна кампања во Југославија, со забележителен резултат. Анализите во рамките на НАТО земјите покажуваат дека оваа кампања во однос на воениот исход тешко е да се оцени поинаку, освен за успешна,[8] Со тоа се чини е достигнат врвот на индустрискиот пристап на апликација на сила во чие средиште е револуцијата на воените работи. Исто така, кризата во Југославија ќе отвори и други прашања значајни за воената организација на земјите членки на НАТО, како на пример нивното ангажирање „надвор од областа", прашањето за управување со кризи и особено прашањето на потребата од нови способности на конвенционалните сили. Ново на Вашингтонскиот самит на НАТО, кој се одржуваше во време кога воената кампања во Југославија беше во тек, беше иницијативата за одбранбени способноси со цел да обезбеди ефикасност на идните мултинационални операции во целиот спектар на мисии на Алијансата во сегашната и поранешната безбедносна околина.[9] Во однос на димензионирањето на конвенционалните сили кон крајот на 20 век се забележува дека трендот на намалувањето на активната вооружена сила продолжува, а разликте во минималните и максималните зафаќања на резервниот состав се намалуваат. Така, за активната во-

[8] The Military Balance 1999-2000, London 1999: The IISS, p.8.

[9] За НАТО самитот во Вашингтон види повеќе во : The Reader,s Guide TO THE NATO SUMMIT IN WASHINGTON 23-25 APRIL 1999. ISBN 92-845-0132-6 ; The Military Balance 1999-2000, London 1999, The IISS, p.31.

оружена сила во 1999-2000 година, процентот на зафаќање од населението за 11 од деветнасет земји членки на НАТО изнесува 0,4 и 0,5%,[10] а кај резервниот состав разликите се движат од 0,1 до максималните 5,3%.[11] Се јавува потреба од зголемување на трошоците за одбранбените потреби на НАТО европските сили кои во 1999 година изнесуваат 179 милијарди и 671 милион американски долари, а на САД 280 милијарди и 969 милиони американски долари,[12] што претставува значајна разлика прво помеѓу нив а потоа и во однос на трошоците за одбрана во периодот на студената војна. Всушност скоро во целиот постстуденов период па се до крајот на 20 век имаме намалени зафаќања на трошоците за одбрана на НАТО земјите. Но, тоа е поизразено кај НАТО европските земји отколку кај САД. И во однос на воените истражувања и развој разликите во трошоците се големи, поконкретно изнесуваат ¼ од тие на САД, што ја прави европската одбрана инфериорна во однос на одбранбената способност на САД. Но, како и да е НАТО одбраната се третира како колективна и таа обезбедила супремација на ниво на конвенционална воена сила која кон крајот на 20 век ја користи за безбедносно-одбранбени потреби и интереси и вон територијата на евроатланската област. Од друга страна противниците на Западните сили се поинтизивно ќе работат на дислокацијата на супериорноста на конвенционалните сили.

## 2. ТРАНСФОРМАЦИЈА НА КОНВЕНЦИОНАЛНИТЕ СИЛИ КАКО ПРОИЗВОД НА НОВИТЕ ЗАКАНИ

Терористичката организација Ал-Каеда[13] е еден од непријателите на Западните сили и посебно САД кој во периодот по Студената војна ќе прави обиди да ја дислоцира доминацијата на конвенционалната сила, при тоа усвојувајќи го асиметричниот пристап. Поконкретно на моделот кој се темели на војната како регуларна закана и вооружените сили како регуларни сили да му се спротистави со теро-

[10] Види: Табела 1.
[11] Види Табела 2.
[12] Види : Прирачник за НАТО, 2001, стр. 232.
[13] Ал-Каеда е една од најорганизираните и најозлогласени мулти-национални терористички организации основана при крајот на Авганистанската војна против Советскиот Сојуз 1988 година. Како противник на САД, Осама Бин Ладен ќе се експонира веднаш по избивањето на Првата Заливска војна и трае непрекинато до денес. Види повеќе во: International Terrorisam, The Military Balance 2004-2005, London 2004: The IISS, p.378-385 ; Osama Bin Laden: A psychological and political Portrait-Antony J. Dennis.

ристите како ирегуларни сили и терористичките напади како ирегуларни закани. Ирегуларните закани и ирегуларните сили егзистираат долг временски период и пред завршувањето на студената војна. Но, во периодот по Студената војна се создава нов амбиент и нова конфликтна околина во која новите закани, посебно ирегуларните постепено и континуирано добиваат се повеќе на значај. И се така до терористичките напади на Њујорк и Вашингтон кога во корпусот на вооружени конфликти приматот ќа го преземе тероризмот. Тоа ќе отвори мноштво на прашања за западните сили и посебно прашањето за начинот на спротивставување. За првпат од своето постоење ќе биде активиран членот 5 од Северноатланскиот договор.[14] Уште еденаш се направи обид да се искористи супремацијата на конвенционалните сили и преку испробаниот начин на употреба на сили се уништат авганистанските бази и камповите за обука на терористичката мрежа а нивниот водач Осама Бин Ладен биде фатен жив или мртов. Базите и камповите ќе бидат уништени но нема да биде фатен Осама Бин Ладен. Терористичката организација ќе помине во илегала, уште повеќе ќе се децентрализира и што е мошне значајно ќе продолжи со својата активност. Факт е дека терористичката организација ќе креира избегнувачко однесување за победа во конвенционалната фаза на конфликтот која била очекувана. А тоа значи продолжување на конфликтот и избор на друг начин на конфронтацијата, различен од конвеционалното војување. Всушност, станува збор за ирегуларно војување кое подразбира војување во комплексни средини и пред се конфронтација на регуларни со ирегуларни сили. Така ќе дојде до судир на две различни концепции на употреба на сила и тоа на стратегиско рамниште. Настојувањето да се наметне регуларна или конвенционална војна од страна на САД и неговите пертнери не само што не ги даде очекуваните резултати туку ја „обелодени неспособноста на НАТО за водење на операции против асиметричните закани и доведе до зголемено влијание на растечкиот расцеп во обврската на САД и Европа околу трошоците за одбрана.[15] И генералниот секретар на НАТО, ја призна неспособноста на организацијата да одигра некаква поширока улога и веднаш побара итни промени.[16] Сериозноста на барањето се чини ќе наметне брза реакција кај извесен број на членки на Алијансата, за што сведочат низа

[14] Страните се согласија дека вооружениот напад против еден од нив или повеќето во Европа или Северна Америка ќе се смета како напад на сите нив.., Северноатлански договор, Вашингтон, 4 април 1949 година, Прирачник за НАТО 2001 година, ц.д. стр. 594.

[15] The Military Balance 2002-2003, London 2002; The IISS, p.27.

[16] Ibidem.

примери од кои најнапред ќе го издвоиме примерот со Грција која веќе во октоври 2001 година ќе промовира нова национална одбранбена политика во која значајно место зазема, намалување на регрутната база и зголемување на професионалното јадро на вооружените сили, набавка на нови оружја и нови технологии, подобрување на интероперабилноста при заедничко служење и подготвеност за конфронтација со нови асиметрични закани.[17] Велика Британија, во јули 2002 година во својот Стратегиски одбранбен преглед идентификува нови закани и поставува стратегии за противудар, ги зголемува финансиските средства и ја засилува улогата на копнената војска. И Франција и Германија ќе прават напори да го следат новиот тренд на односи кон новите закани и новите потреби.

На НАТО самитот во Прага 2002 година, направен е обид сега веќе на институцијално ниво за надминување на новонастанатата ситуација со асиметричните закани кои се експонираа како нови закани и тоа со стратегиско влијание. НАТО лидерите донесоа решение за трансформација на Алијансата, што подразбира пред се преминување од една состојба во друга, различна од предходната. Усвоени се серија мерки за да ги докажат воените способности, и тоа нова иницијатива за способности, создавање на сили за одговор-реакција и престуктуирање на воено-командната структура. Од аспект на силите, конечно е ставен крај на дивизиите кои ја плашеа Европа во 20 век, признавајќи дека традиционалните статични сили на студената војна повеќе не се валидни.[18] Но, останува и понатаму актуелно ефективните воени сили да преставуваат суштински дел на политичката стратегија на Алијансата. Во тој контекст, донесена е одлука за создавање НАТО сили за реакција (NATO Response Force) коишто ќе ги сочинуваат технолошко напредни, флексибилни, лесно распоредливи, меѓуоперативни и одржливи сили вклучувајќи ги копнените, поморските и воздушните елементи спремни брзо да се движат онаму каде се потребни со одлука на Советот.[19] Копнената компонента требе да се оформи како бригада, поморската од борбена група со еден носач на авиони и воздухопловната компонента да е способна за 200 полетувања дневно.

Дадени се инструкции за развој и достигнување на целосна оперативна способност на силите за реакција не подоцна од октомври 2006 година, и тоа со можности за разместување во тек на пет дена и

---

[17] The Military Balance 2002-2003, London 2002 ; The IISS, p.28.

[18] NATO after Prague, NATO Office of Information and Press, Web site: www.nato.int, p.1,3.

[19] The Prague Summit and NATO,S Transformation, Prague Summit Declaration, NATO 2003, p. 72.

самостојно водење на операции од 30 дена. Уникатниот карактер на силите овозможува нивна употреба како самостојна сила за колективна одбрана и мисии како одговор на криза вклучувајќи ги и антитерористичките операции. Со ова би требало да се затвори прашањето за конституцијата на нови сили како одговор на новите закани, но за тоа е предвидена временска рамка. Меѓутоа, паралелно со овој процес, конфликтот во Авганистан ќе продолжи со зголемен интензитет покажувајќи ги лимитите на конвенционалниот пристап на конфронтација против асиметричните закани. Една година по терористичките напади директорот на ЦИА, Џорџ Тенет за Ал Каеда и здружените џихад групи ќе изјави дека „Тие се реконструираа и ни се зад петици.[20] Слична, па и идентична ситуација од повеќе аспекти ќе се случи и во Ирак наредната-2003 година, кога западните сили предводени од САД повторно ќе се обидат да наметнат конвенционален начин на конфронтација и тоа на веќе испробаниот начин на војување каде до израз доаѓа техничко-технолошката супремација на конвенционалните сили. И навистина за мошне кратко време, за само 23 дена ќе биде уништена ирачката конвенционална армија, но како и во случајот со Авганистан децесивната фаза е пролонгирана за подолог временски период кој следи по завршувањето на конвенционалната фаза на конфликтот. Потоа, конфликтот продолжува како ирегуларно војување во кое конвенционалните сили се конфронтират со ирегуларните сили на противникот-герила и бунтовници кои остваруваат спрега со терористичките организации и организираниот криминал и други потенцијални и актуелни противници. Тоа ја прави конфликтната околина да биде мултилатерална и двосмислена, пред се комплесна, исплнета со ирегуларни и дифузни закани.

Новите закани се пред се територијално базирани, што определувачки влијае врз насоката од основните делови на вооружените сили примарно место и улога да им се даде на копнените сили, а потоа на воената морнарица и военото воздухопловство. Ако кон тоа се додаде и предвидувањето на Советот на национална безбедност на САД дека клучните фактори на ширењето на интернационалниот тероризам не покажуваат знаци на намалување во наредните петнаесет години[21] или според други 20 години,[22] тогаш оптималниот одговор на овој предизвик треба да се бара во копнената војска, посеб-

[20] Вечер, 25 ноември 2002, стр11.

[21]The Military Balance 2005-2006, London 2005 ; The IISS. p.412.

[22] Офицери од 63 земји во Здружената команда на Флорида, „Дневник“, 12.04. 2006, стр. 11.

но на специјалните сили и тоа на начин кој ќе содејствува на предизвикот и главната закана. Во таа смисла има препораки за нови стратегии и тактики на модерните војски, за градење на меѓународни мрежи, нови односи со други агенции, создавање на здружени меѓуагенциски сили и зголемена улога на специјалните сили.[23]

Еден од најодликуваните офицери на островот генералот Рупер Смит предлага темелна промена на воената стратегија и воена индустрија на западните армии и препорачува да имаат помалку тенкови, борбени бродови и авиони, а повеќе разузнавачи, полицајци и специјалисти за медиуми.[24] И во дедукцијата на современата конфликтна околина од страна на некои западни сили се прецизира дека: Копнените сили мораат да се подобрат во партнерството на агилен и „дел од влада" начин во однос на воените операции на комплексните терени. Постои барање за зголемување на стратегиските способности на копнените сили за тие да станат поадаптивни и поагилни во изведбата на широк спектар на задачи во најразлични околини. Постои потреба од поголема заштита на силите, поголема нивна мобилност, подобрена ситуациска свесност и тајност. Постои потреба за подготовка на поединци и мали тимови.[25] Со ова се чини се обликуваат новите сили како производ на новите закани од кои како најголема се извојува транснационалниот тероризам потенцијално вооружан со средства за масовно уништување. Секако дека како закана не можат да се исклучат и вооружените сили на евентуалниот противникот, но тоа може да се разгледува симултано и согласно на определбите и интересите на земјата или коалицијата. Во таа смисла на пример за САД е сосема јасно дека и покрај подигањето на тероризмот на рамниште на глобална војна сепак тие ќе останат конвенционално фокусирани, ова пред се поради факторот Кина и нејзината се посовремена три милионска армија,[26] влијанието на воено-индистрискиот комплекс и определбата за остварување на лидерската улога на глобално рамниште. А што се однесува до НАТО, според стратегиските определби капацитетот треба да му биде во секој момент да води две големи и шест помали воени операции или вкупно осум војни. За големите операции предвидува оперативни сили од по 60,000 војници, што одговара на потребите за водење на регионална војна и од 20,000-30,000 војници за помалите операции што е најверодатно прилагодено на потребите за градењето на мир и

[23] Исто, стр. 11.

[24] Класичните војни завршија во Хирошима, „Дневник", 28.10.2005. стр.19.

[25] The Military Balance 2005-2006, c.d., p.417.

[26] The Military Balance 2006, London 2006 : The IISS, p.264.

стабилност во кризните региони и други потреби како што е впрочем случајот со Силите за реакција. Се разбира дека сето ова влијае на обликувањето на вооружените сили, на нивното квантитативно и квалитативно структуирање во услови на експонирање на нови закани со стратегиски наоди и оформување на нова конфликтна околина.

Во однос на квантитативното струкуирање а според податоцита на The Military Balance 2005-2006, процентуалните зафаќања на активната вооружена сила од населението, за најголем број на членки (16) на НАТО изнесува 0,3 и о,4%,[27] што во однос на состојбите во 1992-1993 а за некои земји преставува намалување на активата и поголемо од 40%. Исто така се оформува и сознанието дека трендот на намалување на активната вооружена сила без исклучок е присутен кај сите земји членки на НАТО во периодот од 1992-93 до 2005-06. Тој тренд е присутен и кај резервниот состав со тоа што кај нив потешко се формира грпа-пи како кај активата. Сепак се забележува дека има кај одреден број на земји тренд на изедначување со активата, па дури и со помал квантум од неа.[28]

Во однос на квалитативното структуирање, а во однос на основните делови на вооружените сили приматот го презема копнената војска, а помало останатите видови. Во рамките на копнената војска дури имаме и нивно зголемување како во случајот со САД а за потребите пред се во Ирак. Новите закани определувачки ќе влијаат врз трансформацијата на моделот на воената организација од модел кој се темели на насилство во модел кој се темели на способности и тоа особено по НАТО самитот во Прага. Од аспект на борбените единици се повеќе се афирмира бригадата како најоптимална и универзална оперативна единица. Се дефинира потребата од зголемување на способностите на копнената војска и достигнување ниво на специјалните единици, а овие со потреба за способности како конвенционалните сили и тоа за оперирање во комплексна конфликтна околина. Со формирањето на мали и мобилни тимови оспособени за извршување на различни задачи во исто време и на исто место и способни за контролирање на околината се чини во голема мера се достигнува оптималниот минимум на сили со кои адекватно се одговара на новите ирегуларни и дифузни закани. Со тоа се чини е оформена матрицата на новите конвенционални сили кои заедно со другите меѓуагенциски целни сили требе да дадат оптимален одговор на новите закани.

[27] Види: Табела 1.

[28] Види: Табела 2.

## 3. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Врз основа на сето ова дојдено е до следниве сознанија, согледби и заклучоци:

1. Најнапред, како генерално се оформува сознанието дека од аспект на истражувањето на заканите и нивното влијание врз конвенционалните сили на НАТО земјите во периодот по завршувањето на Студената војна се разликуваат два периоди и тоа – првиот од завршувањето на Студената војна па се крајот на 20 век и вториот период – од терористичките напади на САД 2001 година па се до денес.
2. Како значајно за првиот период се оформува сознанието дека постепено и континуирано приматот на големите војни го преземаат помалите – регионалните и локалните, па и внатрешните вооружени конфликти. Така од подготовката и стратегиските определби на НАТО и посебно САД од едновремено водење на голема-светска и една мала-регионална војна во периодот на студената војна се преминува на едновремено водење на две регионални војни во овој период. Со ова дефинитивно се оформува сознанието дека можноста за избивање на големата војна е многу мала, а како примарни се диференцираат помалите или регионалните војни.
3. Воената организација на НАТО и посебно на САД како негов интегрален дел ќе прави обиди да ја следи оваа промена на заканите инкорпорирајќи ја во вооружените сили и тоа како квантитативно така и квалитативно. Квантитативно со намалувањето на обемот на вооружените сили и квалитативно со изградба на полесни, поподвижни и поефикасни вооружени сили.
4. Исто така како значајно се обликува и сознанието дека НАТО силите за првпат ќе бидат ангажирани „надвор од обласга„ а со цел управување со кризи и тоа на просторот на Југославија која се распаѓаше. Се покажа како доста успешен и тоа особено во делот наречен воздушна кампања каде до израз дојде техничко-технолошката супремација на конвенционалните сили.
5. За вооружените сили е значајно сознанието дека од основните нејзини делови како позначајни се издвојуваат военото воздухопловство и воената морнарица, а како помалку значајна копнената војска.

6. Со терористичкиот напад врз САД, започнува вториот период во кој се диференцираат нови закани со стратегиски наоди. Како значајно се оформува сознанието дека е направен обид со новите таканаречени ирегуларни закани да се дислоцира доминацијата на конвенционалните сили на НАТО и посебно САД како составен дел на НАТО и тоа со забележителен успех веќе неколку години.
7. Како одговор на новиот безбедносен предизвик на НАТО самитот во Прага 2002 година конечно е ставен крај на дивизиите кои ја плашеа Европа во периодот на студената војна и отворен е процес на модернизација и трансформација на воената организација.
8. Се оформи сознанието дека конечно моделот на воената организација кој се темелеше на насилството да се замени со модел кој ќе се темели на способности.
9. Исто така се оформи сознанието дека претежно територијално базираните закани во коплексни урбани средини ќе го детерминираат преземањето на приматот на копнените сили, од дргите видови на вооружените сили. И тука ќе се бара, преку силите за реакција, бригадите како најоптимална и универзална борбена единица и малите и мобилни тимови оспособени за справување со заканите во комплексната околина оптималното решение како одговор на новите закани.
10. За Република Македонија согласно стартегиските определби за интеграција со Северноатланската алијанса е од особено значење да го следи трендот на промените и посебно трансформацијата на конвенционалните сили на НАТО и истите ги инкорпорира согласно можностите во својата Армија. Со тоа, се создаваат услови за изградба на армија компатабилна на НАТО конвенционалните сили, сила која ќе може адекватно да одговори на непосредните безбедносни закани и секако сила која ќе може да партиципира во градењето на мирот и безбедноста во поширoки рамки и за потребите на меѓународната заедница.

(Рецензент: *проф. д-р Димитар Мирчев*)

## Табела бр. 1. - Односот на активната вооружена сила спрема населението за НАТО - земјите изразени во проценти

| Бр. | Земја | Население | | | | Активни вооружени сили | | | | % | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1992/93 | 1999/00 | 2002/03 | 2005/06 | 1992/93 | 1999/00 | 2002/03 | 2005/06 | 92/93 | 99/00 | 02/03 | 05/06 |
| 1 | Белгија | 9,856,600 | 10,115,000 | 10,300,000 | 10,364,388 | 80,700 | 41,750 | 39,260 | 36,900 | 0,8 | 0,4 | 0,4 | 0,3 |
| 2 | Данска | 5,075,600 | 5,256,000 | 5,308,000 | 5,432,335 | 29,200 | 24,300 | 22,700 | 21,180 | 0,5 | 0,5 | 0,4 | 0,4 |
| 3 | Франција | 56,897,600 | 56,897,600 | 59,165,000 | 60,656,178 | 431,700 | 317,300 | 260,400 | 254,895 | 0,7 | 0,5 | 0,4 | 0,4 |
| 4 | Германија | 79,753,000 | 82,057,000 | 82,000,000 | 82,431,390 | 447,000 | 332,800 | 296,000 | 284,500 | 0,5 | 0,4 | 0,4 | 0,3 |
| 5 | Италија | 57,345,000 | 57,917,000 | 57,500,000 | 58,103,033 | 354,000 | 265,500 | 216,800 | 191,875 | 0,6 | 0,4 | 0,4 | 0,3 |
| 6 | Холандија | 14,855,600 | 15,724,000 | 15,900,000 | 16,407,491 | 93,000 | 56,380 | 49,580 | 53,150 | 0,6 | 0,3 | 0,3 | 0,3 |
| 7 | Норвешка | 4,125,600 | 4,425,000 | 4,500,000 | 4,593,041 | 32,700 | 31,000 | 26,600 | 25,800 | 0,7 | 0,7 | 0,6 | 0,6 |
| 8 | Португалија | 10,618,400 | 9,840,000 | 10,000,000 | 10,566,212 | 58,300 | 49,700 | 43,600 | 44,900 | 0,5 | 0,5 | 0,4 | 0,4 |
| 9 | Шпанија | 40,307,800 | 39,218,600 | 39,000,000 | 40,341,462 | 217,000 | 186,500 | 177,950 | 147,255 | 0,5 | 0,5 | 0,4 | 0,4 |
| 10 | В.Британија | 56,696,600 | 58,763,000 | 59,500,000 | 60,441,457 | 293,500 | 212,400 | 210,450 | 205,890 | 0,5 | 0,4 | 0,3 | 0,3 |
| 11 | САД | 251,842,600 | 273,133,000 | 285,900,000 | 293,027,571 | 1913,750 | 1.371,500 | 1,414,000 | 1,473,960 | 0,6 | 0,5 | 0,5 | 0,5 |
| | | | | | | | | | | | | | |
| 12 | Чешка Р. | / | 10,480,000 | 10,300,000 | 10,241,138 | / | 58,200 | 49,450 | 22,272 | / | 0,5 | 0,5 | 0,2 |
| 13 | Унгарија | 10,543,800 | 10,028,000 | 9,900,000 | 10,006,835 | 80,800 | 43,440 | 33,400 | 32,300 | 0,8 | 0,4 | 0,3 | 0,3 |
| 14 | Полска | 38,207,000 | 38,854,000 | 38,600,000 | 38,557,984 | 296,500 | 240,650 | 163,000 | 141,500 | 0,8 | 0,6 | 0,4 | 0,4 |
| | | | | | | | | | | | | | |
| 15 | Бугарија | 9,098,000 | 8,400,000 | 7,900,000 | 7,450,349 | 107,000 | 80,760 | 68,450 | 51,000 | 1,2 | 1,0 | 0,9 | 0,7 |
| 16 | Естонија | 1,583,000 | 1,445,000 | 1,400,000 | 1,332,893 | 2,000 | 4,800 | 5,510 | 4,934 | 0,1 | 0,3 | 0,4 | 0,4 |
| 17 | Латвија | 2,687,000 | 2,450,000 | 2,400,000 | 2,290,237 | 2,550 | 5,730 | 5,500 | 5,238 | 0,09 | 0,2 | 0,2 | 0,2 |
| 18 | Литванија | 3,723,000 | 3,700,000 | 3,700,000 | 3,596,617 | 7,000 | 12,130 | 13,510 | 13,510 | 0,2 | 0,3 | 0,4 | 0,4 |
| 19 | Романија | 22,794,00 | 22,732,000 | 22,450,000 | 22,329,977 | 200,000 | 207,000 | 99,200 | 97,200 | 0,9 | 0,9 | 0,4 | 0,4 |
| 20 | Словакија | / | 5,280,000 | 5,400,000 | 5,431,363 | / | 44,880 | 26,200 | 20,195 | / | 0,8 | 0,5 | 0,4 |
| 21 | Словенија | 1,927,000 | 2,017,000 | 2,000,000 | 2,011,070 | 15,000 | 9,550 | 9,000 | 6,550 | 0,8 | 0,5 | 0,4 | 0,3 |
| | | | | | | | | | | | | | |
| 22 | Турција | 58,103,600 | 65,161,000 | 67,000,000 | 69,660,559 | 560,300 | 673,000 | 514,850 | 514,850 | 1,0 | 1,0 | 0,8 | 0,7 |
| 23 | Луксембург | 364,600 | 417,000 | 436,000 | 468,571 | 800 | 768 | 900 | 900 | 0,2 | 0,2 | 0,2 | 0,2 |
| 24 | Исланд | 259,800 | 280,000 | 283,000 | 296,737 | / | / | / | | | | | / |
| 25 | Грција | 10,209,800 | 10,645,000 | 10,603,000 | 10,668,354 | 159,300 | 165,670 | 177,600 | 163,850 | 1,6 | 1,5 | 1,7 | 1,5 |
| 26 | Канада | 27,016,600 | 29,236,000 | 31,000,000 | 32,507,874 | 84,000 | 60,600 | 52,300 | 62,000 | 0,3 | 0,2 | 0,2 | 0,2 |

Напомена:
* Податоците за населението и активните вооружени сили се земени од The Military Balance 1992-93, 1999-00, 2002-03, 2005-06.
** Односот на активните вооружени сили спрема населението е пресметан во проценти.

## Табела бр. 2. - Односот на резервата спрема населението за НАТО - земјите изразени во проценти

| Бр. | ЗЕМЈА | НАСЕЛЕНИЕ* | | | | РЕЗЕРВА* | | | | ОДНОСОТ Н-Р %** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1994-95 | 1999/00 | 2004/05 | 2005-06 | 1994-95 | 1999-00 | 2004-05 | 2005-06 | 1994-95 | 1999-00 | 2004-05 | 2005-06 |
| 1 | Белгија | 10,159,000 | 101,115,000 | 10,384,000 | 10,364,388 | 228,000 | 152,000 | 13,750 | 18,650 | 2,2 | 1,5 | 0,1 | 0,17 |
| 2 | Данска | 5,196,600 | 5,256,000 | 5,387,000 | 5,432,335 | 70,000 | 81,200 | 64,900 | 7,400 ц 129,700 | 1,3 | 1,5 | 1,2 | 2,38 |
| 3 | Франција | 57,842,400 | 59,165,000 | 59,725,000 | 60,656,178 | 339,000 | 419,000 | 100,000 | 44,465ц 21,650 | 0,5 | 0,7 | 0,2 | 0,07-ц 0,03 |
| 4 | Германија | 80,974,600 | 82,057,000 | 85,551,000 | 82,431,390 | 447,000 | 344,700 | 358,650 | 358,650 | 0,5 | 0,4 | 0,4 | 0,4 |
| 5 | Италија | 58,134,600 | 57,915,000 | 57,646,000 | 58,103,033 | 584,000 | 72,000 | 63,200 | 56,500 | 1 | 0,1 | 0,1 | 0,09 |
| 6 | Холандија | 15,335,000 | 15,724,000 | 16,215,000 | 16,407,491 | 130,600 | 75,000 | 32,200 | 54,400 | 0,8 | 0,5 | 0,2 | 0,3 |
| 7 | Норвешка | 4,332,000 | 4,425,000 | 4,560,000 | 4,593,041 | 282,200 | 234,000 | 219,000 | 219,000 | 6,5 | 5,3 | 4,8 | 4,8 |
| 8 | Португалија | 10,512,400 | 9,874,000 | 10,191,000 | 10,566,212 | 210,000 | 210,930 | 210,930 | 210,930 | 2,0 | 2,1 | 2,0 | 2,0 |
| 9 | Шпанија | 39,736,600 | 39,218,000 | 41,101,000 | 40,341,462 | 498,000 | 447,900 | 328,500 | 319,000 | 1,2 | 1,1 | 0,8 | 0,8 |
| 10 | Турција | 60,641,200 | 65,161,000 | 70,712,000 | 69,660,559 | 952,300 | 378,700 | 378,700 | 378,700 | 1,6 | 0,6 | 0,5 | 0,5 |
| 11 | В.Британија | 58,300,200 | 58,763,000 | 59,280,000 | 60,441,457 | 283,450 | 191,000 | 272,550 | 272,550 | 0,4 | 0,3 | 0,4 | 0,4 |
| 12 | САД | 259,533,000 | 273,133,000 | 291,044,000 | 293,027,571 | 2,048,000 | 1,303,300 | 1,162,250 | 1,290,988 | 0,8 | 0,5 | 0,4 | 0,4 |
| 13 | Грција | 10,569,500 | 10,645,000 | 10,680,000 | 10,668,354 | 406,000 | 291,000 | 291,000 | 325,000 | 3,8 | 2,7 | 2,7 | 3,0 |

* Податоците се користени од The Military Balance 1994-94, 1999-00, 2004-05, 2005-06.

** Односот на населението спрема резервата е пресметан во проценти

Sinisa DASKALOVSKI

# FORMATION OF NEW ARMED FORCES AS A RESPONSE TO THE NEW THREATS

## SUMMARY

*The terrorists attack to New York and Washington on 11th September 2001 caused a number of issues. One of the most important question, especially from the aspect of our research, is the question for the changes of their organization. In fact, this paper presents the effort that has been made on the basis of research material analysis to detect the changes into the military forces in the North-Atlantic Alliance as a responce to the new threats. The starting point ere the situations in the military organizations of the Alliance in the period after the end of the Cold War till the end of the 20th century, and especially from the beginning of the 20th century until nowadays.*

**Keywords:** *TERORRISAM, MILITARY ORGANISATION, CHANGES, NEW ARMED FORCES, NEW THREATS, NATO.*